# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2025 ГОДИНА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ*

## 1. ПРИХОДИ

Во периодот од **01.10.2025** година до **31.10.2025** година во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од **12.874.939 денари** и тоа по следните основи:

| **ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ** |
|---|---|
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал | 172.217 денари |
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал | 374.352 денари |
| 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста | 47.637 денари |
| Уплати по основ на данок на имот од физички и правни лица | 152.053 денари |
| Приходи по основ на уплатени даноци на недвижности и права и данок на наследство и подарок | 1.254.638 денари |
| Уплата на комунална такса за привремен престој од страна на регистрирани правни субјекти и физички лица кои нудат сместувачки капацитети | 14.624 денари |
| Такса за истакнување на фирма (фирмарина) | 44.000 денари |

| | |
|---|---|
| Комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација | 64.953 денари |
| Комунална такса што се плаќа за одржување на јавното осветлување | 1.145.828 денари |
| Такси за користење на просторот пред деловни простории, за истакнување на рекламни објави и огласи на јавни места и за користење на плоштад и др. | 106.685 денари |
| Комунален надоместок од уредување на градежно земјиште | 644.735 денари |
| Уплати по основ на административни и др.локални такси кои се плаќаат за списи од општината. | 24.980 денари |
| Уплати по основ на закупнини на објекти и опрема во сопственост на општината | 65.819 денари |
| Уплати по основ на други неданочни приходи и приходи од органи на управа - надомест за користење на сала за венчавки и др.потреби, приходи од извршени уплати од министерствата за користење водовод и канализација на подрачните одделенија сместени во зградата на општината, надоместоци за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и 2 % од наплата на премии за каско и одговорност | 63.568 денари |
| Приходи од продажба на земјиште во сопственост на државата | 22.703 денари |
| Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини(по основ на експлоатирано минерална суровина) | 6.774 денари |
| Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти – легализација | 30.134 денари |
| Трансвер на средства од Буџетот на Р.С.М. во износ од 3.907.382 ден. по основ на 6% данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и тоа основен дел - 4,5%, дел за перформанси - 0,75% и дел за воедначување – 0,75% , 874.654 ден. средства од ЈП за државни патишта, согласно Програмата за улици и патишта за 2025 год. - од наменска сметка префрлени на буџетска за реализација на проект - Регулација на корито на отворен канал/дол во н.м.Будинарци - 3.857.203 ден. - средства од МЖСПП. | 8.639.239 денари |

## 2. РАСХОДИ

Во периодот од **01.10.2025** година до **31.10.2025** година од Буџетот на Општина Берово исплатени се вкупно **11.871.484 денари** и тоа за следните намени:

| ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ |
|---|---|
| За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица | 3.295.087 денари |
| Исплатен надомест на советниците за еден месец | 316.044 денари |
| Исплатен надомест за хранарина на вработените во ТППЕ | 37.862 денари |
| Извршено е сторно на износ од 61.575 ден. по исплатено решение кон Црвен крст – Берово – поврат на неискористени средства | -61.575 ден. |
| За телефонски услуги, интернет и др.услуги 22.283 ден., за горива и масла 64.081 ден.,за ел.енергија и улично осветлување за месец август и месец септември 627.604 ден. и 27.796 ден. за регистрација на моторни возила | 1.063.744 денари |
| За набавка на материјали за ул.осветлување | 138.673 денари |
| За поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема 33.630 ден., за одржување на јавната чистота и јавно зеленило на територијата на општината платени се 384.994 ден., 41.734 ден. за поправка на возилата, 20.060 ден. за услуги за обезбедување на објекти, 36.960 ден. за чистење на градежна депонија и 84.960 ден. за извршена дезинсекција на територијата на општината | 602.338 денари |
| 15.657 ден. се исплатени кон физичко лице ангажирано за општокорисна работа, 29.881 ден. – исплата кон 1(едно) физичко лице ангажирано со договор на дело, 77.396 ден. за користени услуги од мобилни тоалети за Етно фестивалот, 11.986 ден. за осигурување на моторни возила и 68.894 ден. за осигурување на недвижниот имот на општината | 203.814 денари |
| За трошоци за репрезантација исплатени се 2.869 ден., 1.750 ден. за др.оперативни расходи за промена на таблици на службените возила на општината и 54.450 ден. кон Источно-плански регион за дел од членарината за 2025 год. | 59.069 денари |

| | |
|---|---|
| 195.117 ден. се исплатени кон Пакомак за трет квартал, согласно склучен договор, 165.000 ден. буџетско учество се префрлени на донаторската сметка ЛЕНДС и 50.000 ден. се префрлени на сметката на ОИК за измирување на трошоци при спроведување на локалните избори | 410.117 денари |
| 3.857.203 ден. се платени по доставена завршна ситуација за реализација на проект – реконструкција на отворен канал/дол во н.м.Будинарци (по повик од Влада - средства од МЖСПП), 580.383 ден. по доставена завршна ситуација , 1.099.380 ден. по доставена 1 времена ситуација за реконструкција на ул.Јане Сандански во с.Русиновоза изградба на ул.8 Март во Берово и 269.345 ден. за изработка на проекти за водовод и улици | 5.806.311 денари |

Бр.08-244/11
18.11.2025 год.

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Петар Ружински